**20232273968**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 29 став 5 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство во согласност со министерот за здравство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРИЈАВАТА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА АФИОН, КНИГАТА ЗА ЕВИДЕНЦИЈА, ДОГОВОРОТ ЗА ПРОИЗВОДСТВО, КАКО И ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА АФИОН И ОТКУП НА АФИОН ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ОПОЈНИ ДРОГИ И ПСИХОТРОПНИ СУПСТАНЦИИ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на пријавата за производство на афион, книгата за евиденција, договорот за производство, како и поблиските критериуми за производство на афион и откуп на афион за производство на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/23), во член 5 став (2) во алинејата 1 зборовите „лична карта;“ се бришат.

Член 2

Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 19-8512/2<br>17 октомври 2023 година<br>Скопје

Министер за здравство,<br>д-р **Fatmir Medziti**, с.р.

Бр. 02-7902/4<br>24 октомври 2023 година<br>Скопје

Министер за земјоделство,<br>шумарство и водостопанство,<br>**Љупчо Николовски**, с.р.

Врз основа на член 29 ставови 2 и 3 од Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции („Службен весник на Република Македонија" бр.103/08, 124/10, 164/13, 149/15, 37/16, 53/16 и 193/17), поднесувам

П Р И Ј А В А
за производство на афион за реколта ___________ година
за _____________ сеидба, засеан на ден ______, месец _________, година _________

Име и презиме на физичко лице _____________________________________________/

Назив на правното лице и име и презиме на одговорното лице во правното лице
_________________________________________________________________________.
Место на живеење на физичко лице_______________ ул.______________________ и бр. ____,/
град/село _____________________________.
Седиште на правно лице _______________ ул. _____________________________ и бр.____.
Број на лична карта на физичко лице (БРЛК) ____________________.
Единствен даночен број на правно лице (ЕДБ) ____________________________ и
број на лична карта на одговорното лице во правното лице (БРЛК) ____________________.
Назив на научно образовната институција ____________________________________________/
Седиште __________________ ул. _______________________________ и бр._____.
Единствен даночен број на правно лице (ЕДБ) _____________________________ и
број на лична карта на одговорното лице во правното лице (БРЛК)________________________ .
Број на договор _______________ и датум _______________.
- Склучен со овластено правно лице за откуп на афион ___________________________________ или
- Склучен со правно лице за откуп и производство на опојни дроги и психотропни супстанции ________
_______________________________________________________________________.

Договореното производство ќе се врши на површина заведена во:

| Бр. на Имотен лист | Број и датум на Договор за закуп | КО | Бр. на КП | Место викано | Договорена површина ха | ари | $м^2$ | Очекувано производство во кг. афионова слама | Име на сорта | Обезбедено семе за сеидба во кг. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | |
| | | | | Вкупно: | | | | | | |

Место:_____________

МП

Подносител на пријавата

Датум:_____________

_____________________